

МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ЗА ПРВА ГОДИНА

Наставни листови, подготовки, вежби (три нивоа)

(ТЕМА: ИСТОРИЈА НА МУЗИКАТА)

д-р- Татјана Ивановска

Хуманизам и ренесанса

Pietro Lorenzetti



Leonardo da Vinci










Polikleitos Готика Michelangelo


Во табелата се дадени презимиња на претставниците на ренесансната литература (Л), ликовните уметници (У) и научници (Н). Означи ги со соодветни букви (Л, У или Н).

Петрарка	Коперник	Да Винчи	Ротердамски	Шекспир
Микеланџело	Верокио	Бокачо	Бруно	Донателo

За дома:
1. Најди уште неколку претставници на ренесансата од областа на литературата, ликовната уметност, науката и внеси ги во празните клетки од табелата.



Направи поинаква мисловна мапа за ренесансата.



АСОЦИЈАЦИИ - ОТКРИЈ МУЗИЧКА ФОРМА.

1. Народен јазик, љубовна или описна лирика, Петрарка:_____

2. Латински јазик, библиски текст, низа меѓусобно поврзани делови:_____

3. Тема од народен мелос, грегоријанско пеење или нова, тенор, ординариум:_____

4. Придружен, драмски:_____

5. Хроматски, Marenzio, da Venosa:_____

6. Песна за ловот:_____

7. Кралица Елизабета:_____

Прашања и задачи- прво ниво

Музиката во времето на хуманизмот и ренесансата

На часот:

Одговори на прашањата:

1. Каде се појавила ренесансата?
2. Кои фактори придонеле за појавата на хуманизмот и ренесансата?
3. **Од кога до кога траела ренесансата?**
4. **Што значи зборот ренесанса?**
5. Каде ренесансните уметници го барале идеалот, т.е. со чие искуство се користеле?
6. Која је главна карактеристика на ренесансната музика?
7. **Што значи ,,a cappella"?**
8. Наведи две музички форми од ренесансата.
9. Наведи еден дел од мисата.
10. Наведи два ренесансни музички инструменти.
11. Означи кои зборови од текстот не ти се познати.

Задачи за дома:

1. Одговори на прашањата од второ ниво.
2. Повтори за:
   - теориите за настанокот на музиката (најмалку две теории)
   - синкретизам
   - грчки инструменти (да се наведат најмалку два)
   - за трубадурите
   - за грегоријански корал
   - за органум

3. Композиции за слушање:

Orlando di Lasso ,,Matona mia cara"

https://www.youtube.com/watch?v=FUSeiOaTnsQ

Музиката во времето на хуманизмот и ренесансата

Второ ниво

На часот:
Одговори на прашањата:

1. Зошто овој период се нарекува хуманизам и ренесанса?
2. Кои се најпознати претставници на ренесансата во литературата и ликовната уметност?
3. Кои музички форми се специфични за ренесансата?
4. Кои се главни делови од мисата?
5. **Што е контрапункт?**
6. **Кои интервали им отстапуваат место на паралелни кварти и квинти во ренесансата?**
7. **Кои се најпознати ренесансни танци?**
8. Што е волта?
9. На кој јазик најчесто се пеело во ренесансата?
10. Кога и како настанал мадригалот?
11. Кои се најпознати претставници на хроматскиот мадригал?
12. Наведи три композитори од ренесансата.
13. **Кои видови на скали се користеле во ренесансата?**
14. **Што е кача?**
    - Означи кои зборови од текстот не ти се познати.

Задачи за дома:

1. Одговори на прашањата од прво ниво.
2. Повтори за древните музички инструменти.
3. Композиција за слушање:
    - Од прво ниво.
    - Orlando di Lasso - ,,Tutto lo di”

https://www.youtube.com/watch?v=4oi6EbWC7QQ&index=2&list=PL6FD6F6B01B0FC63A

Музиката во времето на хуманизмот и ренесансата

Трето ниво

На часот:
Одговори на прашањата:

1. Како ренесансата се одразила на вајарството и архитектурата?
2. Наведи што повеќе музички форми од ренесансата.
3. **Кога мадригалот се појавил?**
4. Од што настанал?
5. **За колку гласови се компонирал?**
6. **На кој јазик?**
7. Содржина?
8. Што се духовни мадригали?
9. Што се хроматски мадригали?
10. Претставници на хроматскиот мадригал?
11. Кои се подвидови на мадригалот (објаснување не треба- тоа ќе има подоцна, кога анализираме мадригали)?
12. Кои се стални делови од мисата (латински со превод, редоследно)?
13. **Од каде се земаат темите?**
14. **За колку гласови се компонира?**
15. Кои се истакнати композитори на миси?
16. **Во кој век настанал?**
17. Кои се истакнати композитори на мотети?
18. **Од што се состои мотет?**
19. Каков мотет се јавува на крајот на 16. и почетокот на 17. век?
20. Што е табулатура?
21. Каков музички инструмент е лаута?
22. Што е токата?

- **Означи кои зборови од текстот не ти се познати.**

За дома:
1. Најди дополнителни податоци од интернет или друга литература и одговори на прашањата:

- Како крсташките војни и колера влијаела врз појавата на ренесансата?
- Зошто ренесансата се појавила во Фиренца?
- Зошто покрај ренесансата стои и хуманизмот?
- Кој ја финансирал ренесансната уметност?
- Какво влијание имал Мартин Лутер врз ренесансната музика?
- Кои се три најголеми откритија во времето на ренесансата?
- Какво е влијанието на Гутенберг?
- Како би го опишал ренесансниот човек?
- Што е вокална полифонија?
- Што е имитација?

2. Одговори на „болд“ прашањата од прво и второ ниво.
Композиции за слушање:

- Од прво и второ ниво
- Thomas Morly ,, Now is the month of maying “ https://www.youtube.com/watch?v=EwJLKdU50KE
- Една композиција по сопствен избор (од интернет)

ПОДГОТОВКА- ВЕЖБИ ЗА ТЕСТ БР. 2

ПРВО НИВО

Наставен материјал:

- Музиката во првобитната заедница: Обрни посебно внимание на СИНКРЕТИЗАМ, ТЕОРИИ ЗА НАСТАНОКОТ НА МУЗИКАТА, КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРВОБИТНАТА МУЗИКА
- Музиката во Стариот век (кај Источните народи)
- Музиката во Средниот век (духовна, световна, појава на повеќегласието, развој на нотното писмо)
- Хуманизам и ренесанса
- Ренесансни композитори (Палестрина, Ласо, Галус)

МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (избор)

Индија	Кина	Грција	Среден век	Ренесанса
вина	пипа	аулос	харфа	лаута
раванастра	кинг	китара	лаута	оргули
табла	шен	лира	цитра	чембало

ДЕФИНИРАЈ !

Синкретизам	
Тетрахорд	
Кварта	
Квинта	
Органум	
грегоријански корал	
духовна музика	
световна музика	
саман и рага	
Трубадури	
Трувери	
Минезенгери	
шпилмани, гомијари	

ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊАТА

1. Кои се три основни скали во Стара Грција?_____

2. Кој го воведува грчкиот натпревар?_____

3. Кој го усовршил екфонетското писмо?_____

4. Од каде се преземени имињата на тоновите (до, ре...)?_____

5. Која музичка форма настанала од старогрчката трагедија?_____

6. Со што питагорејците ја поврзувале музиката?_____

7. Што е Антифонариј?_____

8. Кога се појавило повеќегласието?_____

9. Како се нарекува првата полифонија?_____
10. Наведи 2 вида на нотации!_____
11. Што се пасторали?_____
12. Кои биле изведувачи (забавувачи) на световната музика?_____
13. Од кога до кога траела ренесансата?_____
14. Што значи зборот ренесанса?_____
15. Каде ренесансните уметници го барале идеалот?_____
16. Кои фактори придонеле за појавата на хуманизмот и ренесансата?
_____
17. Која је главна карактеристика на ренесансната музика?_____
18. Наведи три музички форми од ренесансата._____
19. Набroj три композитори од ренесансата.
_____
20. Кој ја компонирал ,,Мисата на папата Марчело"?_____
21. Како го нарекувале Палестрина?_____
22. Како го нарекувале Орландо ди Ласо?_____
23. Кој композитор како дете го киднапирале од дома за да пее во капелите и црквите?
_____
24. Kој ја компонирал ,,Matona mia cara" (Madonna mia cara)?_____
25. Kako е нарекуван Јакоб Галус?_____

ЛИНКОВИ НА КОМПОЗИЦИИ

http://www.youtube.com/watch?v=EktnWQuAjdI (индиска музика- инструменти)
http://www.youtube.com/watch?v=M287zBOXcDU (кинески инструмент- пипа)
http://**www**.youtube.com/watch?v=4Bf1bFOf4Gg (средновековна музика за харфа)
http://www.youtube.com/watch?v=y28ZRYF9Q-4 (Палестрина-Мисата на папата Марчело- Кирие)
https://www.youtube.com/watch?v=ZwuCSvXtPvw (грегоријанско пеење)
https://www.youtube.com/watch?v=Xk1W22yHLJQ (средновековна музика)
https://www.youtube.com/watch?v=yzXv7I-Zav8&list=RDzNNm-wnfZ-U&index=28

Преслушај ги приложените композиции и оние од наставните листови за подобро да го разбереш наставниот материјал.

Во табелата наведи (напиши) ги содржините кои потешко ги запомнуваш, а клетките обои ги во црвено.

ВТОРО НИВО

Наставен материјал: Исто како прво ниво

НАСОКИ:

1. Подготовка од ПРВОТО НИВО (прашања и табели, линкови на композиции)
2. За сите спомнати поими (види табела) од првото ниво ќе се бараат поопширни објаснувања.
3. Поголем број на музички инструменти од сите држави, но не сите (без потенцирање на видот).
4. Поопширно да се објаснуваат теориите за настанокот на музиката.
6. Целокупниот учен материјал за Стариот и Средниот век и ренесансата со композиторите.

ДА СЕ ОБРНЕ ВНИМАНИЕ НА СЛЕДНИВЕ ПОИМИ: ДЕФИНИРАЈ И ОБОИ ГИ СПОРЕД ТЕЖИНАТА. (ЗЕЛЕНО, ЖОЛТО, ПОРТОКАЛОВО И ЦРВЕНО).

терца	
секста	
полифонија-хомофониј	
вокална полифонија	
a capella	
тенор	
сопран	
пентатонска скала	
модуси	
хидравлос	
неумска нотација	
номоси	
табулатура	
алби	

ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊАТА:

1. Наброј три вида на повеќегласие и направи компарација помеѓу нив._____
_____
2. Кои се делови од мисата?_____
3. Наброј три вида на нотации и објасни ги._____
4. Што е контрапункт?_____
5. Кои интервали им отстапуваат место на паралелни кварти и квинти во ренесансата?
_____
6. Наведи 5 музички форми од ренесансата?_____
7. Кои се најпознати ренесансни танци?_____
8. Што е волта?_____
9. На кој јазик најчесто се пеело во ренесансата (што мислиш,зошто)?_____
10. Кој бил најголем мајстор за миси во ренесансата?_____
11. Наведи две миси од Палестрина._____
12. Колку миси компонирал Палестрина?_____
13. Кои музички форми компонирал Палестрина_____

14. За што Палестрина го употребил Соломоновиот текст ,,Песна над песните”?
_____
15. Kako е насловена збирката на околу 400 мотети од Јакоб Галус?_____

16. Што е ,,Хармоние моралес”?_____
17.Кој е нарекуван Бохемиски Палестрина?_____
18. Кој композитор го негувал француско-холандскиот стил?_____
19. Околу колку композиции создал Ласо?_____
20. Кој ренесансен композитор бил прогласен за витез?_____
21. Кој композитор (од тие што учевме за нив) е познат по свои шансони?_____
22. Кои музички форми компонирал Ласо?_____
23. Кои се најпознати претставници на хроматскиот мадригал?_____
24. Кои се главни карактеристики на хроматскиот мадригал?
_____
25. Кога и како настанал мадригалот?
_____

ЛИНКОВИ ЗА КОМПОЗИЦИИ

http://www.youtube.com/watch?v=M7W0G1c8fJ0 (Пример за вокална полифонија- имитација)
http://www.youtube.com/watch?v=Q7ewgIoSGXc
http://www.youtube.com/watch?v=99NSw8aRcDU (Ласо- ,,Exo”)
http://www.youtube.com/watch?v=4oi6EbWC7QQ (Laso ,, Tuto lo di”)
http://www.youtube.com/watch?v=8g67XzbHjMc Palestrina – Sanktus (od misata)
http://www.youtube.com/watch?v=cjehApMOOb8 Palestrina – Kredo (od misata)
http://www.youtube.com/watch?v=BQ_BJNFGmTg (табла од Индија)
http://www.youtube.com/watch?v=0wmRkM5SOS0 (вина од Индија)
http://www.youtube.com/watch?v=lzy5DYhkUAI (задолжително види)
http://www.youtube.com/watch?v=9RjBePQV4xE (Античка Грција)

Преслушај ги приложените композиции и оние од наставните листови за подобро да го разбереш наставниот материјал.

Во приложената табелата наведи ги содржините кои потешко ги запомнуваш, а клетките обои ги со црвено.

ТРЕТО НИВО

Наставен материјал: Исто како прво и второ ниво.

НАСОКИ:
1**.** Подготовките од ПРВО и ВТОРО НИВО (прашања и табели, линкови на композиции)
2. Подетален опис на музички форми (види прашања од наставните листови).
3. Компарација на музичките инструменти и форми, музичките епохи (практично) и композитори
4. Композиции

ЛИНКОВИ ЗА КОМПОЗИЦИИ

http://www.youtube.com/watch?v=hKJgwLPjmlw (ŽOSKEN DE PRE ,,ELL GRILLO“)
http://www.youtube.com/watch?v=M7W0G1c8fJ0 (Passereau – ,,Il est bel et bon”)
http://www.youtube.com/watch?v=w7tFMnlt4Wc (Passereau – ,,Il est bel et bon”)
http://www.youtube.com/watch?v=EwJLKdU50KE(Thomas Morley - ,, Now is the month of maying”)
http://www.youtube.com/watch?v=fXBPeiTPH5I (Thomas Morley - ,, Now is the month of maying”)
https://www.youtube.com/watch?v=K9v3ARLHyPI (Arcadelt - ,,Ave Maria”)
https://www.youtube.com/watch?v=mlCzrYSOYTI (Arcadelt - ,,Ave Maria”)

Преслушај ги приложените композиции и оние од наставните листови за подобро да го разбереш наставниот материјал.

Во табелата наведи ги содржините кои потешко ги разбираш - запомнуваш, а клетките обои ги со црвено.

ПОДГОТОВКА- ВЕЖБИ ЗА ТЕСТ БР. 3

ПРВО НИВО

Наставен материјал:
1. Подготовки за тест бр. 2 од прво ниво
2. Барок, појава на операта, Бах, Хендл, Вивалди и Монтеверди

ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊАТА:

1. Кога и каде се појавила првата опера?
2. Која е прва, а која втора опера (и композитор)?
3. Како се нарекува група на уметници, љубители на грчката трагедија?
4. Од кога до кога траел барокот?
5. Што значи зборот бароко?
6. Која е главна карактеристика на барокната музика?
7. Како е нарекуван Вивалди?
8. Кој бил најголем мајстор за фуга?
9. Колку деца имал Бах?
10. Кој композитор претставувал мост помеѓу ренесансата и барокот?
11. Која композиција и од кој композитор за прв пат е изведена на реката Темза во чест на англискиот крал?
12. Наведи 2 барокни композитори.
13. Наведи три барокни музички форми.
14. Наведи три композиции од Бах.
15. Колку пасии компонирал Бах?
16. Наведи два ораториуми од Хендл.
17. Кое дело од Вивалди е најпознато?

ЛИНКОВИ НА КОМПОЗИЦИИ

1. К. Монтеверди ,,Орфеј“ https://www.youtube.com/watch?v=LwndvoeCXos
2. А. Вивалди ,,Пролет“ https://www.youtube.com/watch?v=l-dYNttdgl0
3. Г.Ф. Хендл - ,,Месија“ https://www.youtube.com/watch?v=usfiAsWR4qU
4. J. C. Бах - ,,Токата и фуга во d-moll” https://www.youtube.com/watch?v=_FXoyr_FyFw

Преслушај ги приложените композиции и оние од наставните листови за подобро да го разбереш наставниот материјал.

Во табелата наведи (напиши) ги содржините од последната тема кои потешко ги запомнуваш, а клетките обои ги во црвено.

ВТОРО НИВО

Наставен материјал:

1. Подготовки за тест бр. 2 од прво и второ ниво
2. Барок, појава на операта, Бах, Хендл, Вивалди и Монтеверди
3. Подготовки за тест бр. 3 од прво ниво и второ ниво

ПРАШАЊА:

1. Објасни како настанала првата опера?
2. Наведи и објасни ги главните карактеристики на барокната музика.
3. Набројување на барокни музички форми

(а) инструментални: соната, суита, кончерто гросо, солистички концерт, прелудиум, фуга, инвенција

б) вокално-инструментални: опера, ораториум, кантата)

4.Што е либрето?

5. Композиции од Бах (,,Хроматска фантазија и фуга“, ,,Добро темперирано пијано“- збирка на прелудиуми и фуги во две тетратки, ,,Божиќниот ораториум“, ,,Магнификат“, ,,Уметност на фугата“, ,,Пасија по Матеј“)

6. Колку пасии (кои се), кантати и ,,бранденбуршки концерти“ имал Бах?
7. Ораториуми од Хендл (четири)
8. Две опери од Хендл.
9. Две опери од Монтеверди.
10. На кој жанр е творец Вивалди и на кој инструмент ја унапредил техниката?

КОМПОЗИЦИИ

1. Композиции од прво ниво
2. Од интернетот пронајди 8 композиции (може и фрагменти) – по две од секој барокни композитори и внеси ги во зададената табела.

Композитор и композиција	Линк
G. F. Handel - ,,Rinaldo“ (Lascia Ch'io Pianga)	https://www.youtube.com/watch?v=WuSiuMuBLhM

.Во табелата наведи (напиши) ги содржините од последната тема кои потешко ги запомнуваш, а клетките обои ги во црвено.

ТРЕТО НИВО

Наставен материјал:

1. Подготовки за тест бр. 2 од прво, второ и трето ниво
2. Барок, појава на операта, Бах, Хендл, Вивалди и Монтеверди
3. Подготовки за тест бр. 3 од прво и второ ниво
4. Да се прави компарација помеѓу композиторите (табела).
5. Да се прави компарација помеѓу ренесансата и барокот (карактеристики, музички форми, временски период итн.....)
6. Да се објасни за настанокот на операта подетално (кои биле во фирентинска камерата, када е изведена првата опера (Корси), да ли е сочувана...итн.)

ВЕЖБИ ЗА КОМПОЗИЦИИ

Откриј ги композиторите.

Композиција	Композитор
Месија	
Орфеј	
Хроматска фантазија и фуга	
Matona mia cara	
Божиќниот ораториум	
Добро темперирано пијано	
Музика на вода	
Пасија по Јован	
Опус музикум	
Уметност на фугата	
Пасија по Лука	
Четири годишни времиња	
Ехо	
Бранденбуршки концерти	
Пасија по Марко	
Израел во Египет	
Риналдо	
Пасија по Матеј	
Крунисувањето на Попеја	
Музичка жртва	
Магнификат	
Соломон	
Музика за огномет	
Ј. Цезар	
Токата и фуга во d- moll	
Мисата на папата Марчело	
Дафне	
Евридика	
Хармоние моралес	

ВЕЖБИ ЗА МУЗИЧКИ ФОРМИ

кончерто гросо	миса	шансона
кача	фуга	опера
прелудиум	соло концерт	кантата
балада	мотет	виланела
ораториум	канцона	павана
волта	куранта	токата

(1- означи ренесансни форми, 1.Т (ренесансен танц – сите ке бидат застапени), а со 2. И. – барокни инструментални и 2.ВИ – вокално-инструментални)

Обои ги клетките во кои се наоѓаат музичките форми кои не припаѓаат во групата (по редови).

Мадригал	фуга	кача	мотет
Фуга	прелудиум	волта	инвенција
Кача	балада	гаљарда	опера
Соната	суита	шансона	кончерто гросо
Шансона	ораториум	мадригал	мотет
Ораториум	опера	кантата	фуга
Волта	куранта	миса	гаљарда
Миса	фуга	мотет	мадригал
Суита	канцонета	шансона	виланела
Фуга	кантата	суита	мадригал
кончерто гросо	суита	соната	опера
Соната	кача	волта	мадригал
Опера	мадригал	шансона	фротола
Суита	фуга	соната	мадригал
Волта	миса	мотет	ораториум

Обои ги клетките во кои се наоѓаат композициите кои не припаѓаат во групата

Соломон	Месија	Израел во Египет	Риналдо
Орфеј	Магнификат	Бранденбуршки концерт	Пасија по Матеј
Matona mia cara	Пролет	Exo	Ich libe dich
Божиќен ораториум	Опус музикум	Токата и фуга во d-moll	Пасија по Јован
Месија	Мисата на папата Марчело	Израел во Египет	Риналдо
Хроматска фантазија и фуга	Пасија по Матеј	Музика на вода	Добро темперирано пијано
Опус музикум	Хармоние моралес	Четири годишни времиња	Matona mia cara

ПРЕТКЛАСИКА И КЛАСИКА

Вежба 1

Одговори напрашањата. Прашањата кои ти се тешки или не знаеш да ги одговориш подвлечи ги со црвена боја.

1. Како Бетовен можеме да го поврземе со Наполеон?
2. Во која симфонија судбината чука на врата?
3. Што се пее во деветата симфонијата од Бетовен?
4. Кои се најпознати симфонии од Бетовен?
5. Колку симфонии компонирал Бетовен?
6. Наведи 5 опери од Моцарт
7. Каде Хајдн работел 30 години?
8. Од кога до кога траел класицизмот?
9. Како е нарекуван рококо стилот?
10. Симфонија е композиција за

а) хор б) оркестар в) хор и оркестар г) пијано д) оркестар и солист

11. Наведи една опера буфо.
12. Кој е познат како реформатор на операта во XVIII век?
13. Кој стил има лажен блесок?
14. Како настанала комичната опера?
15. Што е серија?
16. Напиши ги имињата на композиторите:

    а)_____ _____ Моцарт

    б)_____ Глук

17. Кои музички форми се карактеристични за класицизмот?
18. Каков е составот на класичниот оркестар?

19. Кога и каде е роден/умрен Хајдн?

20. Како го нарекувале Моцарт?

21. Зошто операта серија била пред пропаѓање?


22. Чија е композицијата Миса солемнис?

23. Кои се главни разлики помеѓу барокната и класичната музика?

24. Како се нарекувале мажи кои пееле сопрански улоги?

25. Најди ги формите на делата и композиторите.

Наслов	Музичка форма	Композитор
Јупитер		
Фачиле		
Мечка		
Часовник		



Препознај го композиторот.

ПРЕТКЛАСИКА И КЛАСИКА

Вежба 2- втора група

Одговори напрашањата. Прашањата кои ти се тешки или не знаеш да ги одговориш подвлечи ги со црвена боичка.

1. Кога и каде е роден/умрен Моцарт?
2. Кој композитор оглувел?
3. Како го нарекувале Хајдн?
4. Кога се појавила претклаасиката?
5. Наведи 2 претставници на претклаасиката?
6. Соната е композиција за

   а) хор б) оркестар в) хор и оркестар г) пијано д)оркестар и солист
7. Како настанала комичната опера?
8. Кој композитор можеме да го поврземе со Француската револуција и зошто?
9. Каков е составот на класичниот оркестар?
10. Во која симфонија има пеење?
11. Кои се најпознати симфонии од Бетовен?
12. Кои музички форми се карактеристични за класицизмот?
13. Наведи една опера од Глук.
14. Зошто операта серија била пред пропаѓање?
15. Колку симфонии компонирал Хајдн?
16. Како е нарешена III симфонија од Бетовен?
17. Кои се главни разлики помеѓу барокната и класичната музика
18. Како се нарекува шестата симфонија од Бетовен?
19. Како се нарекува комичната опера?

20. Наведи 5 опери од Моцарт.

21. Од какво семејство потекнува Хајдн?

22.Наведи две сонати од Бетовен.

23. Која опера е напишана само за два гласа и нема улога?

24. Напиши ги имињата на композиторите:

_____Бетовен

_____Перголези

25.Најди ги формите на делата и композиторите.

Наслов	Музичка форма	Композитор
Кокошка		
Турски марш		
Христос на маслиновата гора		
Аптекар		



Препознај го композиторот.

ПРЕТКЛАСИКА И КЛАСИКА

Вежба 3

Одговори на поставените прашања. Прашањата кои ти се тешки или не знаеш да ги одговориш подвлечи ги со црвена боичка.

1. Чија композиција е Химната на ЕУ?
2. Кои се најпознати симфонии од Бетовен?
3. Кога и каде е роден/умрен Бетовен?
4. Колку симфонии компонирал Моцарт?
5. Од какво семејство потекнува Моцарт?
6. Која симфонија Бетовен ја посветил на Наполеон?
7. Кој од виенските класичари во своите дела има и елементи на романтизмот?
8. Наведи 5 опери од Моцарт.
9. Гудачки квартет е композиција за

а) 3 инструменти б) 4 инструменти в) 5 инструменти г) оркестар д) пеење

10. Кој композитор не се поклонувал пред цареви и кралеви?
11. Наведи две сонати од Моцарт.
12. Кој ја реформирал сериозната опера?
13. Кои музички форми се карактеристични за класицизмот?
14. Чија е композицијата „За Елиза“?
15. Како настанала комичната опера?
16. Каков е составот на класичниот оркестар?
17. Кои се главни карактеристики на рококо стилот?
18. Од кога до кога траел класицизмот?

19. Во што е разликата помеѓу ренесансната и класичната музика?

20. Наведи еден претставник на рококо стилот.

21. Зошто операта серија била пред пропаѓање?

22. Напиши ги имињата на композиторите:

_____ Глук

_____Хајдн

23. Кој бил Никола Порпора?

24. Кој глас го пееле кастратите?

25. Најди ги формите на делата и композиторите.

Наслов	Музичка форма	Композитор
Апасионата		
Мечка		
Бр. 40 во g-moll		
Фиделио		



Препознај го компизиторот.